ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
Бр. 04-418/1
27.04.2023
ПРИЛЕП

Врз основа на член 42 од Статутот на ЈП за просторни и урбанистички планови-Прилеп, член 11 од Колективниот договор за комуналните дејности на Република Македонија и член 52 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18, Службен весник на РСМ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), а во врска со Интерниот оглас бр. 1/2023 заверен под архивски број 04-354/1 од 04.04.2023 година за пополнување на работно место на административен службеник со унапредување, Директорот на ЈП за просторни и урбанистички планови-Прилеп ,ја донесе следната:

О Д Л У К А

За избор на пријавени кандидати на интерен оглас за пополнување на работно место по пат на унапредување на административен службеник

1.Врз основа на објавениот интерен оглас за пополнување на работно место на административен службеник по пат на унапредување бр.1/2023, објавен на ден 10.04.2023 година, на огласна табла во ЈП за просторни и урбанистички планови-Прилеп, на интернет страницата на Јавното претпријатие и на веб страната на Агенцијата за администрација.

- За пополнување на работното место **„Советник за финансиско сметководство“,** шифра на работно место КДР 01 02 В01 003, со Високо образование (Економски науки), и најмалку 3 (три) години работно искуство во струката се избира кандидатот

  - **ТАЊА ДИМИТРИЕСКА од Прилеп**

2.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници по интерен оглас оглас бр.1/2023 објавен на ден 10.04.2023 година формирана со решение бр.03-409/1 од 25.04.2023 година во функција на спроведување на постапката за селекција за унапредување на

административни службеници во ЈП за просторни и урбанистички планови-Прилеп, по објавениот интерен оглас за унапредување на административен службеник бр.1/2023 објавен на ден 10.04.2023 година, спроведе постапка за унапредување согласно одредбите од Законот за администрартивни службеници.

Согласно Записникот за извршена административна селекција на административните службеници за интерен оглас бр.04-414/1 од 26.04.2023 година и Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници заради спроведување на интервју бр.04-414/2 од 26.04.2023 година, постапи во законски предвидениот рок за избор на кандидатите и согласно одредбите од Законот за административни службеници, ги избра кандидатите наведени погоре во одлуката.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука, незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката.

ЈП за ПУП
Прилеп
ВД Директор
Зоран Јовески